**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Бр. 25-4522/3**
**31.05.2010 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09 и 16/10), постапувајки по барањето на Друштвото за одржување и поправка на моторни возила „АУТО МЕКЛАРЕН“ ДОО Гостивар бр.25-4522/1 од 27.05.2010 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата „ АУТО МЕКЛАРЕН“ ДОО Гостивар,** за вршење на работите во постапката за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите L, M, N, O, согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09 и 16/10)

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за обука на возачи и други сообраќајни услуги „„АУТО МЕКЛАРЕН“ ДОО Гостивар, до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување **за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата** согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата : - доказ за упис во Централниот регистар на Република Македонија ЕМБС бр.6305016 од 28.12.2007; Договор за деловен простор заверен на нотар бр.УЗП3264/09 од 10.06.2009 година во Гостивар; Изјава за располагање на опрема за испитување на возила која е во сопственост на „„АУТО МЕКЛАРЕН“ ДОО Гостивар бр.01/10 од 27.05.2010 година; копии од обрасците М1/М2 за дипл. Маш. инг.- Смер механизациони машини Хамити Улбер со Потврда за положен стручен испит бр.25-2925/2, дипл. Сообраќаен инг.- Благоја Јончевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-2926/2; доказ за склучен договор за осигурување бр.1010019507 од 26.05.2010 година, доказ за позитивен бонитет бр.0904-10/75 од 26.05.2010 година од Централен регистар на Република Македонија; Решение за овластување за вршење на технички преглед бр.17.12.1-27208/1 од 22.05.2008 година, издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управни надзорни работи од Скопје; и документација со упатство за вршење на постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08) и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09 и 16/10), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата.

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*

Примил: Бирљана Гигоски
31.05.2010